Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/14 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Дарко Краљевски с. Шопско Рударе, Кратово УП2 09-183/24 од 3 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-74 од 5 март 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-74 од 5 март 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Дарко Краљевски с. Шопско Рударе, Кратово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-183/24 од 3 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-74 од 5 март 2024 година на КЕЦ Кратово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок.

Според Електродистрибуција – парцелата е во неурбанизиран реон и на 2600 метри од најблиската трафостаница ДТС Шопско Рудари. Падот на напон е вон дозволените граници, односно dU = 19%.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-183/24 од 3 април 2024 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

-Извештај за пад на напон во мрежата – постоечка и новопредвидена состојба

-GIS скица

2. Дополнителни докази од ЕВН од 29 април 2024 година со прилог:

- Имотен лист

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација и GIS скицата е дека парцелата е далеку од приклучната трафостаница, поточно 2760 метри.

Исто така, вредностите на падот на напонот се над дозволените граници, односно 23.99% на последна точка од нисконапонската мрежа

Согласно член 74 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19 и 101/22) техничките карактеристики на местото на приклучување во дистрибутивниот систем подразбираат технички услови кои се однесуваат на отстапување на напонот.

Согласно ставот (2) од истиот член, корисник кој бара приклучок на дистрибутивната мрежа на местото на приклучување мора да ги исполни техничките услови од став (1) од овој член.

Согласно член 76 став (2) точка 1), пропишаните граници на отстапување од номиналниот напон во нормален режим на работа се ±10% за низок напон (0,4 kV).

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–183/24**
**18 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**